Точка на дневен ред: **1**
Предлагач: **Акционери**

## Материјал за Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Избор на претседавач на Собранието

Акционерите му предлагаат на Собранието на акционери да ја усвои следната:

### Одлука за избор на претседавач на Собранието

Во прилог:
– Предлог-одлука за избор на претседавач на Собранието.

Скопје, октомври 2022 година

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за избор на претседавач на Собранието

Врз основа на член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје ја донесе следната:

### Одлука за избор на претседавач на Собранието

1. За претседавач на Собранието на акционери се именува акционерот ______________;
2. Мандатот на претседавачот трае до изборот на претседавач на наредното Собрание;
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Во Скопје, 14.10.2022 година

Одлуката да се достави до:
Секретаријат

Претседавач
на Собранието на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение**

Согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје со седницата на Собранието на акционери претседава претседавач. Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието, а може и да утврди и правила за водење на седницата на Собранието.

Претседавачот со Собранието се избира за секое одделно Собрание. Мандатот на претседавачот со Собранието трае до изборот на претседавач на наредното Собрание на акционери коешто треба да биде одржано.

За претседавач со Собранието може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер. За претседавач со Собранието не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор.